**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-73
12.02. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-604/1 од 02.02.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик од која половина во периодот од 07.00 до 19.00 часот, од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), заради извршена повреда на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 10 јануари 2018 година, не емитуваше најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, ниту пак најмалку половина од таа програма ја емитуваше во периодот од 07.00 до 19.00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-604/1 од 02.02.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на

аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 2 февруари 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ЈРП МРТ Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 10 јануари 2018 година, при што беше констатирано прекршување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека радиодифузерот не емитуваше најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик ниту пак, најмалку половина од таа програма ја емитуваше во периодот од 07.00 до 19.00 часот.

Во анализираниот ден, програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуваше 11 часа 11 минути и 32 секунди изворно создадена програма, што е 48.53% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 3 минути и 38 секунди). Законскиот минимум од 60% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 10 јануари 2018 година што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:03:38), е 13 часа 50 минути и 11 секунди. Првиот програмски сервис на Македонската телевизија - МРТ1 емитуваше за 2 часа 38 минути и 39 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 60% изворно создадена програма. Половина од законскиот минимум (од 13:50:11) изнесува 6 часа 55 минути и 5 секунди изворно создадена програма, колку што најмалку требало да биде емитувана на Првиот програмски сервис на Македонска телевизија – МРТ1, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, МРТ1 емитуваше 6 часа 21 минута и 53 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 33 минути и 12 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-604/1 од 02.02.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-604/1 од 02.02.2018 година, поради констатирано непочитување на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), се презема мерка – опомена и со кое на јавниот радиодифузен сервис му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за

поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-604/1 од 02.02.2018 година.

**Доставено до:**

- Директор на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), Одговорен уредник;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.02.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 604 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 јануари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 февруари 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);
   - **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);
   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 10 јануари 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот**

за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 10 јануари 2018 година, програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) емитувал 11 часа 11 минути и 32 секунди изворно создадена програма, што е **48.53%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 3 минути и 38 секунди). Законскиот минимум од 60% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 10 јануари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:03:38), е 13 часа 50 минути и 11 секунди. Првиот програмски сервис на Македонска телевизија – МРТ1 емитуваше за 2 часа 38 минути и 39 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 60% изворно создадена програма. Половина од законскиот минимум (од 13:50:11) изнесува 6 часа 55 минути и 5 секунди изворно создадена програма, колку што најмалку требало да биде емитувана на Првиот програмски сервис на Македонска телевизија – МРТ1, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, **емитувани се 6 часа 21 минути и 53 секунди** изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 33 минути и 12 секунди помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 10 јануари 2018 година, не емитуваше најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

**9. Предлог мерка:**

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***